## ЗА НАС



Образовниот центар Занаечиска комора Скопје е регистриран во состав на Занаетчиска комора Скопје , асоцијација која ги здружува занаетчиите и вршителите на занаетчиска дејност (ТП и ТД кои вршат занатчиска дејност) на подрачјето на Град Скопје. Целта на комората е создавање на услови и рамка за развој на занаетчиството.

Еден од приоритетите на комората е создавање кадар за вработување кај занаетчиите и отпочнување на сопствен занаетчиски бизнис.

Бидејќи занаетчиството и стопанството се соочуваат со недостаток на работна сила која поседува применливи знаења , вештини и компетенции за директно вклучување во процесот на работа . Центарот изготвува програми за обуки кои ги задоволуваат потребите на занаетчиството и стопанството.









**Занаетчиската комора Скопје**

ул.Битпазарска бр.12, Скопје
тел: 3 237 850
www.zkomora.com.mk
info@zkomora.com.mk
tel. 071 991-981
078 312-134
078 312-141

# Образовен центар

## Занаетчиската комора Скопје



# ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ВОЗРАСНИ ВО ЗАНАЕТЧИСТВОТО

- Обуки за побарувани занаетчиски занимања на пазарот на труд
- Верификувани програми за занаетчиски занимања
- Практична обука кај истакнати работодавачи мајстори занаетчии
- Стекнати применливи знаења, вештини и компетенции
- Учесник спремен да се вработи или отпочне сопствен бизнис
- Државно признат сертификат

До 2017 година се верифицирани десет програми за образование на возрасни преку Министерство за образование и наука на РМ и Центарот за образование на возрасни на РМ

1. Монтер и инсталатер на соларни панели
2. Дом мајстор
3. Златар
4. Филигранист
5. Рачно плетење и везење
6. Фризер
7. Козметичар за нега на лице и тело
8. Масер
9. Шминкер
10. Декоративен маникир

## ВИЗИЈА



Визијата на центарот за обука е реализирање на обуки според принципите на доживотно учење и обуки со кои ќе се обезбедува развој на програми кои водат кон квалификации преку стекнување на знаење, вештини, способности и компетенции за одреден занаетчиско занимање за потребите на работодавачи од секторот на занаетчиство.

Визијата на центарот за обука е да воспостави систем за образование на возрасни ( согласно Законот за образование на возрасни) преку имплементација на верифицирани посебни програми за образование на возрасните, со цел да се врши квалификација и преквалификација на кадар, со што ќе се придонесе да се намали недостатокот на кадар од определни струки.По завршувањето на обуката учесниците ќе се стекнат со компетенции кои ќе бидат потврдени со издаден сертификат.

## МИСИЈА



Мисијата на центарот за обука е да изврши квалификација и преквалификација на кадар со цел да се задоволат потребите на занаетчиството и стопанството.

Мисијата на Центарот се заснова на принципите на креативност, претприемништво, транспарентност, слобода на изразување во работењето, градење на принципи на перманентно учење и професионален развој.

Мисијата на Центарот подразбира отвореност и подготвеност да соработува со стопанството и занаетчиството,образованието,науката,центрите за образование на возрасни и стручно образование и обука , и високи образовни стандарди во сферата на постигнувањето на стручните квалификации,следење на достигнувањата во техниката и технологијата,креативноста и ревидирање на програмите или носење на нови програми.

